# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 50 Год. LXIII Петок, 20 април 2007 Цена на овој број е 210 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

## СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 665. | **Одлука** за определување на групи на корисници со право на приоритетни мрежни приклучни точки кои можат да се користат само во случај на пад на мрежата, воена или вонредна состојба или елементарна непогода........ | 2 |
| 666. | **Одлука** за давање на користење на недвижна ствар..................................... | 2 |
| 667. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за услови и критериуми за распределба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“.................................... | 2 |
| 668. | **Решение** за давање согласност на Одлуката за именување директор на Институтот за акредитација на Република Македонија...................................... | 4 |
| 669. | **Решение** за именување претседател и членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип....................... | 4 |
| | **Исправка** на Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 2007 година...................................... | 4 |
| 670. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во основното училиште................................ | 4 |
| 671. | **Дозвола** за вршење на финансиски лизинг.................................................... | 9 |
| 672. | **Решение** за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ“ - Скопје............................ | 9 |
| 673. | **Решение** за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Штип.......................................... | 9 |
| 674. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 179/2006 од 4 април 2007 година................................ | 9 |
| 675. | **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 240/2006 од 4 април 2007 година................................ | 11 |
| 676. | **Национална** сортна листа................... | 12 |
| | **Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија** | |
| 70. | **Одлука** за утврдување на работните места во МЗТ „ХЕПОС“ АД - Скопје, на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, во постапка на ревизија............................................ | 15 |
| | **Објава** за стапката на трошоците на живот за месец март 2007 година, во однос на месец февруари 2007 година | 15 |
| | **Огласен дел.........................................** | **1-80** |

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**665.**

Врз основа на член 107 став 2 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/05 и 14/07) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.04.2007 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГРУПИ НА КОРИСНИЦИ СО ПРАВО НА ПРИОРИТЕТНИ МРЕЖНИ ПРИКЛУЧНИ ТОЧКИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ КОРИСТАТ САМО ВО СЛУЧАЈ НА ПАД НА МРЕЖАТА, ВОЕНА ИЛИ ВОНРЕДНА СОСТОЈБА ИЛИ ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат групите на корисници со право на приоритетни мрежни приклучни точки кои можат да се користат само во случај на пад на мрежа, воена или вонредна состојба или елементарна непогода.

Член 2

Групи на корисници со право на приоритетни мрежни приклучни точки кои можат да се користат само во случај на пад на мрежа во воена и вонредна состојба или елементарна непогода се:

- органите на државна управа и единиците на локалната самоуправа;
- Армијата на Република Македонија;
- државни органи, организации, установи и претпријатија и трговски друштва со јавни овластувања;
- медиуми од областа на радиодифузната дејност.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2255/1
17 април 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**666.**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.04.2007 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР

Член 1

Недвижната ствар - објект и земјиште на бул. „Климент Охридски“ бр. 9 во Скопје, со површина на објектот до 245 м$^2$, земјиште под објектот со површина од 180 м$^2$, двор со површина од 127 м$^2$, односно со вкупна површина на земјиштето од 307 м$^2$, што се наоѓа на КП бр. 9566 КО Центар, запишан во Имотен лист бр. 1729, сопственост на Република Македонија, се дава на користење на Секретаријатот за европски прашања.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на користење на Секретаријатот за европски прашања без надомест и на неопределено време.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука да се изврши меѓу Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2249/1
17 април 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**667.**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/00), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.04.2007 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СТАНОВИ ИЗГРАДЕНИ ПО „ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ КОИ ЌЕ СЕ ИЗДАВААТ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ“

Член 1

Во Одлуката за услови и критериуми за распределба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/03 и 55/06), во член 3 став 1 зборовите „за користење“ се бришат.

Во алинеја 2 зборот „местото“ се заменува со зборовите „општината и на градот Скопје“.

Во алинеја 3 зборот „негова“ се заменува со „лична“, зборот „семејно“ се заменува со зборот „заедничко“ и пред точката се додаваат зборовите „на територијата на Република Македонија“.

Во ставот 2 зборовите „на користење“ се бришат, а зборовите во заградата „(Прилог 1)“ се заменуваат со зборовите „(Прилог 1-а)“.

Член 2

Во членот 4, во алинеја 1 зборот „семејно“ се заменува со зборот „заедничкото“ и зборовите „просечниот годишен Бруто - национален приход“ се заменуваат со зборовите „Бруто домашниот производ“.

Член 3

Во членот 5 зборот „семејно“ се заменува со зборот „заедничкото“ и зборовите „главниот изведбен проект“ се заменуваат со зборовите „проектот за изведена состојба“.

Член 4

Во членот 8, во став 1, алинеја 1 зборовите „местоположба на“ се заменуваат со зборовите „општината во која е изграден“.

Алинеја 3 се брише.

Ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 5

По членот 8 се додава нов „член 8-а“ кој гласи:

Член 8-а

Потребна документација која барателот на стан под закуп треба да ја приложи:

1. барање за добивање стан под закуп со спецификација на приложените документи;

2. уверение за државјанство на барателот, неговиот брачен другар и сите полнолетни членови на неговото заедничко домаќинство;

3. извод од матична книга на венчаните, или доказ за раскинување на брачниот статус;

4. извод од матична книга на родените за децата;

5. изјава заверена на нотар дека барателот, неговиот брачен другар и сите членови на неговото заедничко домаќинство на територијата на Република Македонија немаат стан, куќа или куќа за одмор во нивна сопственост, а за членови на заедничкото домаќинство кои не се полнолетни изјава дава родителот, неговиот законски застапник или старателот;

6. потврда за висината на месечната исплатена плата остварена за последните три месеци за барателот, неговиот брачен другар и сите полнолетни членови на неговото заедничко домаќинство;

7. потврда за невработеност за членовите од заедничкото домаќинство на барателот;

8. уверение за жителство за барателот, неговиот брачен другар и сите членови на неговото заедничко домаќинство со постојано место на живеење во општината каде е изграден станот;

9. копија од важечка лична карта за барателот, неговиот брачен другар и полнолетните членови на неговото заедничко домаќинство;

10. уверение за платени даноци издадени од даночни органи во општината.

Документите од став 1 на овој член се поднесуваат во оригинал и не можат да бидат постари од шест месеци.

За валидноста на поднесените документи барателот доставува изјава заверена на нотар под морална, материјална и кривична одговорност.

Барањето за добивање на стан под закуп со потребната документација се доставува до Министерството за транспорт и врски во затворен коверт со назнака „Не отворај“ до Комисијата за распределба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“.

Непотполната документација и документацијата доставена во Министерството за транспорт и врски по истекот на предвидениот рок согласно објавениот оглас, нема да се разгледува“.

Член 6

Членот 9 се менува и гласи:

„Комисијата е должна во рок од 30 дена по завршувањето на огласот од членот 7 на оваа одлука да изготви ранг-листа на пријавените кандидати и истата да ја достави до министерот за транспорт и врски.

Врз основа на ранг-листата министерот за транспорт и врски донесува поединечни решенија за распределба на становите за секој учесник на огласот.

Решенијата од став 2 на овој член се доставуваат до секој учесник на огласот во рок од 15 дена од денот на донесувањето, со право на жалба до Комисијата за решавање во втор степен по жалби на Владата на Република Македонија, по огласите за распределба на становите изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“.

Против конечните решенија на Комисијата од став 3 на овој член, барателот може да поднесе тужба пред надлежен суд“.

Член 7

Во членот 10 во став 1 зборовите „на користење“ се заменуваат со зборовите „под закуп“.

Член 8

Во член 12 во став 1 зборовите „на користење“ се заменуваат со зборовите „под закуп“.

Во ставот 2 по зборот „стан“ се додаваат зборовите „под закуп“.

Член 9

Започнатите постапки по жалба по однос на огласите за распределба на станови изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“ ги презема Комисија за решавање во втор степен по жалби на Владата на Република Македонија, по огласите за распределба на становите изградени по „Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи“.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2276/1
17 април 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА БОДИРАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА СТАН ПОД ЗАКУП (Прилог 1-а)

Подносителот на барањето на стан под закуп при бодирањето може да добие најмногу 100 бода.

1. По критериумот од член 4 алинеја 1 на оваа одлука барателот може да добие најмногу 30 бода.

2. По критериумот од член 4 алинеја 2 на оваа одлука барателот може да добие најмногу 35 бода.

3. По критериумот од член 4 алинеја 3 на оваа одлука барателот може да добие најмногу 35 бода.

Бодирањето се врши според следната табела.

| Критериуми | | Бодови |
|---|---|---|
| Годишен приход по член на заедничко домаќинство да не изнесува повеќе од 65% од Бруто домашниот производ по глава на жител на Република Македонија според последниот објавен податок од Државниот завод за статистика на РМ - член 4, алинеја 1 | од 61% до 65%<br>од 51% до 60%<br>од 41% до 50%<br>од 31% до 40%<br>од 21% до 30%<br>до 20% | 5 бода<br>10 бода<br>15 бода<br>20 бода<br>25 бода<br>30 бода |
| Млади брачни двојки со деца не постари од 12 години - член 4, алинеја 2 | - без деца<br>- со 1 дете<br>- со 2 и повеќе деца | 15 бода<br>25 бода<br>35 бода |
| Лица над 18 години кои до 18-та година биле згрижени во институции и други облици на згрижување за деца без родители - член 4, алинеја 3 | | 35 бода |

4. При утврдување на ранг-листата, во случаи на ист број на бодови согласно оваа методологија, приоритет ќе имаат лицата над 18 години кои до 18-та година биле згрижени во институции и други облици на згрижување за деца без родители.

5. При утврдување на ранг-листата Комисијата од член 6 на оваа одлука врши увид на местата на живеење на сите баратели кои имаат ист број на бодови.

Од увидот Комисијата составува записник.

Согласно констатираните состојби од увидот на лице место Комисијата изготвува ранг-листа.

**668.**

Врз основа на член 8 став 4 од Законот за акредитација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11 април 2007 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија, бр. 02-181/3 од 5 април 2007 година, со која за директор на Институтот е именуван Владимир Здравев, дипл. машински инженер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-2155/2
11 април 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**669.**

Врз основа на член 43 став 2 и член 44 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2000, 49/2003 и 113/2005) и член 3 од Законот за основање на Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 април 2007 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА МАТИЧНАТА КОМИСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПОДГОТОВКИТЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

1. За претседател и членови на Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се именуваат:

а) за претседател:
- проф. д-р Марија Ташева

б) за членови:
- проф. д-р Владо Поповски
- вонреден проф. д-р Саша Митрев
- проф. д-р Тодор Делипетров
- проф. м-р Стела Слеанска
- доц. д-р Сашко Кедев
- м-р Зоран Ставрески

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-2111/2
3 април 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдени е дека во текстот на Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 2007 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/07, направена е техничка грешка, поради што се дава

## И С П Р А В К А
## НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО 2007 ГОДИНА

Во делот III од Програмата, во табелата „СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО“ во точка 2.5. наместо износот „1.250,00“ треба да стои износот „1.250.000,00“.

Бр. 19-1675/2
19 април 2007 година
Скопје

Од Владата на Република
Македонија

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**670.**

Врз основа на член 85 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06), министерот за образование и наука донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во основното училиште („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 56/02, 36/03 и 77/05), во член 6 став 1 по алинеја 7 се додаваат четири нови алинеи 8, 9, 10 и 11 кои гласат:

„- свидетелство за успехот во основното образование за ученици со посебни образовни потреби (аутизам) - Образец, бр. 3-8;

- свидетелство за завршено основно училиште за ученици со посебни образовни потреби (аутизам) - Образец, бр. 3-9;

- свидетелство за општиот успех во основното образование со посебни образовни потреби за учениците (мултихендикеп) - Образец, бр. 3-10;

- свидетелство за завршено основно училиште за ученици со посебни образовни потреби (мултихендикеп) - Образец, бр. 3-11.“

Во ставот 2 по бројот „3-7“ се додаваат броевите: „3-8, 3-9, 3-10 и 3-11“.

Член 2

Во член 15 став 1 и 2 по бројот „3-7“ се додаваат броевите: „3-8, 3-9, 3-10 и 3-11“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2518/1
2 април 2007 година
Скопје

Министер,
**Сулејман Рушити,** с.р.

**Образец 3 - 8**

**ГРБ на Р. М.**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

________________________________________
(име и место на основното училиште)

Главна книга бр. _________ /200 ____ година

# СВИДЕТЕЛСТВО

за успехот во ________________________ ниво
(со римски број и со зборови)

________________________________________
(име и презиме на ученикот/ученичката)

син - ќерка на ____________________ роден-а на ____________________ година
(име на еден од родителите)

во ________________________ општина ____________________

држава ________________________ државјанство ____________________

во учебната 200 ____ 200 ____ година по ____________ пат учеше во ____________________
(со зборови) (со римски број и со зборови)

ниво на основното училиште и го постигна овој успех:

**Воспитно-образовни подрачја**

| | |
|---|---|
| ____________ | ____________ |
| ____________ | ____________ |
| ____________ | ____________ |
| ____________ | ____________ |
| ____________ | ____________ |
| ____________ | ____________ |
| ____________ | ____________ |
| ____________ | ____________ |
| ____________ | ____________ |

Поведение ____________________ Изостаноци: оправдани _______ неоправдани _______

Според постигнатиот успех ученикот/ученичката заврши ____________________
(со римски број и со зборови)

ниво на основно училиште со ____________________ .
(со општ успех)

Во ________________ __________ 200 ____ година Дел. бр. ____________
(место) (датум)

Раководител на паралелката М.П. Директор

____________________ ____________________

Стр. 1

Училиштето е верифицирано со акт број ____________ од ____________ година на ____________________

________________________________________ .
(име на ресорното министерство)

Издавач:

Стр.2

**Образец 3 - 9**

**ГРБ на Р. М.**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

______________________________
(име и место на основното училиште)

Главна книга бр. ________ /200 ____ година

# СВИДЕТЕЛСТВО

за завршено основно училиште

______________________________
(име и презиме на ученикот/ученичката)

син - ќерка на ________________ (име на еден од родителите) роден-а на ________________ година

во ________________ општина ________________

држава ________________ државјанство ________________

во учебната 200 ____ 200 ____ година по ________ (со зборови) пат учеше во ________ (со римски број и со зборови)

ниво на основното училиште и го постигна овој успех:

**Воспитно-образовни подрачја**

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

Поведение ________________ Изостаноци: оправдани ______ неоправдани ______

Според постигнатиот успех ученикот/ученичката заврши ________________ (со римски број и со зборови) ниво со

________________ (со општ успех) и го заврши основното училиште.

Во ________ (место) ________ (датум) 200 ____ година Дел. бр. ________

Раководител на паралелката М.П. Директор

________________ ________________

Стр. 1

Училиштето е верифицирано со акт број

________ од ________ година на ________________

________________________________ .
(име на ресорното министерство)

Издавач:

Стр.2

**Образец 3 - 10**

**ГРБ на Р. М.**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

_______________________________________________
(име и место на основното училиште)

Главна книга бр. ________ /200 ___ година

# СВИДЕТЕЛСТВО

за успехот во ______________________________ ниво
(со римски број и со зборови)

_______________________________________________
(име и презиме на ученикот/ученичката)

син - ќерка на ______________________ роден-а на ______________________ година
(име на еден од родителите)

во ______________________ општина ______________________

држава ______________________ државјанство ______________________

во учебната 200 ____ 200 ____ година по ______________ пат учеше во ______________________
(со зборови) (со римски број и со зборови)

ниво на основното училиште и го постигна овој успех:

**Воспитно-образовни подрачја**

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

**Дополнителни корективни активности**

______________________ ______________________

______________________ ______________________

Поведение ______________________ Изостаноци: оправдани ________ неоправдани ________

Според постигнатиот успех ученикот/ученичката заврши ______________________
(со римски број и со зборови)

ниво на основно училиште со ______________________.
(со општ успех)

Во ______________ ____________ 200 ____ година Дел. бр. ______________
(место) (датум)

Раководител на паралелката М.П. Директор

______________________ ______________________

Стр. 1

Училиштето е верифицирано со акт број ____________ од ______________ година на ______________________

______________________________________________.
(име на ресорното министерство)

Издавач:

Стр.2

**ГРБ на Р.М.** **Образец 3 -11**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

______________________________________________
(име и место на основното училиште)

Главна книга бр. __________ /200 ____ година

# СВИДЕТЕЛСТВО

за завршено основно училиште

______________________________________________
(име и презиме на ученикот/ученичката)

син - ќерка на ______________________ роден-а на ______________________ година
(име на еден од родителите)

во ______________________ општина ______________________

држава ______________________ државјанство ______________________

во учебната 200 ____ 200 ____ година по ______________ пат учеше во ______________
(со зборови) (со римски број и со зборови)

ниво на основното училиште и го постигна овој успех:

**Воспитно-образовни подрачја**

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

______________________ ______________________

**Дополнителни корективни активности**

______________________ ______________________

______________________ ______________________

Поведение ______________________ Изостаноци: оправдани ________ неоправдани ________

Според постигнатиот успех ученикот/ученичката заврши ______________________ ниво со
(со римски број и со зборови)

______________________ и го заврши основното училиште.
(со општ успех)

Во ______________ ______________ 200 ____ година Дел. бр. ______________
(место) (датум)

Раководител на паралелката М.П. Директор

______________________ ______________________

Стр. 1

Училиштето е верифицирано со акт број ____________ од ____________ година на ______________________

______________________________________________
(име на ресорното министерство)

Издавач:

Стр.2

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**671.**

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за лизинг ("Службен весник на Република Македонија" бр. 04/2002, 49/2003 и 13/2006), Министерството за финансии издава

### Д О З В О Л А
### ЗА ВРШЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

1. На Друштвото за финансиски лизинг ЛИЗИНГ 1 ДОО, бул. Илинден бр. 3/1 Скопје, со единствен матичен број на субјект 6178359, му СЕ ОДОБРУВА да врши финансиски лизинг.

2. Оваа дозвола се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-10691/3
11 април 2007 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**672.**

Врз основа на член 47 став 4 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05 и 111/05), министерот за труд и социјална политика донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ ЗАВОД ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ "РАНКА МИЛАНОВИЌ" -СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци "Ранка Милановиќ"-Скопје број 02-873/3 донесена од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 26.12.2006 година .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија ".

Министер,
**Љупчо Мешков,** с.р.

---

**673.**

Врз основа на член 47 став 4 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05 и 111/05), министерот за труд и социјална политика донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ШТИП

1. Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Штип, број 0202-978/7, донесена од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 27.12.2007 година .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија ".

Министер,
**Љупчо Мешков,** с.р.

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**674.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 4 април 2007 година, донесе

### О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) Одлуката за донесување на Статутот на општина Струга бр.07-4230/4 од 3 август 2006 година и

б) Статутот на општина Струга бр.07-4230/3 од 3 август 2006 година („Службен гласник на општина Струга" бр.8/2006).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Станислав Буклиески од Струга и Јонче Ѓикоски од с. Мислешево-Струга со Решение У.бр.179/2006 од 15 ноември 2006 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актите означени под а) и б) од точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со Уставот и Законот за локалната самоуправа.

4. Судот на седницата утврди дека оспорената Одлука за донесување на Статутот на општина Струга број 07-4230/4 од 3 август 2006 година, донесена од Советот на општина Струга, содржи 2 (два) члена.

Во членот 1 од Одлуката се предвидува дека со оваа Одлука се донесува Статутот на општина Струга, донесен од Советот на општина Струга на седницата одржана на 3 август 2006 година.

Во членот 2 се предвидува дека одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струга".

Статутот на општина Струга бр.07-4230/3 од 3.08.2006 година содржи XIII (тринаесет) глави, и тоа:

- I (првата) глава ги регулира основните одредби;
- II (втората) глава ги уредува организацијата и работењето на органите на општината;
- III (третата) глава ги уредува организацијата и работењето на комисиите на Советот на општината;
- IV (четвртата) глава содржи одредби кои го уредуваат вршењето на работите според начелото на супсидијарност;
- V (петтата) глава ги утврдува поединечните акти;
- VI (шестата) глава содржи одредби во врска со информирањето на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер;
- VII (седмата) глава содржи одредби кои го регулираат исклучувањето на јавноста од седниците на Советот;
- VIII (осмата) глава го регулира правото и начинот на поднесување на претставки и предлози;
- IX (деветата) глава содржи одредби во врска со јавните трибини, анкети и предлози од граѓаните;
- X (десеттата) глава го регулира извршувањето на обврските од областа на одбраната во воена состојба;
- XI (единасеттата) глава го регулира начинот на објавување на прописите на Советот;
- XII (дванасеттата) глава ја регулира месната самоуправа и
- XIII (тринаесеттата) глава содржи одредби за начинот на изменување и дополнување на Статутот.

5. Во текот на претходната постапка Судот од прибавената документација од доносителот на оспорените акти ја утврди следнава фактичка состојба:

Од извештајот на статутарно-правната комисија бр.10-3560/2 од 29 ноември 2005 година произлегува дека таа одлучила да утврди Предлог-Одлука за пристапување кон донесување Статут на општина Струга по предложениот текст, со Нацрт-Статут.

Од Записникот од Осмата седница на Советот на општина Струга бр.07-3434/2 одржана на 30 ноември 2005 година, произлегува дека меѓу другите точки од дневниот ред била и Предлог-Одлуката за пристапување кон донесување Статут на општина Струга, со Нацрт-Статут.

Советот на општина Струга на седницата одржана на 30 ноември 2005 година донел Одлука за пристапување кон донесување Статут на општина Струга бр.07-3434/4 од 30 ноември 2005 година и на истата седница е донесен Нацрт-Статут на општина Струга.

Општинската администрација на општина Струга, објавила јавна расправа по Нацрт-Статутот на општина Струга бр.08-3434/5 од 30 ноември 2005 година.

Статутарно-правната комисија на Советот на општина Струга на седницата одржана на 3 мај 2006 година, го утврди Предлог-Статутот на општина Струга по предложениот предлог-текст и му предложила на Советот на општина Струга да го усвои и донесе Статутот на општината.

На седницата на Советот на општина Струга одржана на 28 јули 2006 година, Предлог-Статутот на општина Струга, како и Предлог-Одлуката за донесување Статут, биле на дневен ред но не биле изгласани, видно од записникот од 13-тата седница на Советот на општина Струга бр.07-4070/2 од 28 јули 2006 година.

Со Решение бр.07-4230/1 од 28 јули 2006 година, Претседателот на Советот на општина Струга ја свикал 14-тата седница на Советот на општина Струга да се одржи на 3 август 2006 година во 11 часот и истовремено е објавен, односно соопштен и дневниот ред.

По извршениот увид во записникот од 14-тата седница на Советот на општина Струга бр.07-4243/2 од 3 август 2006 година, јасно е дека седницата се одржала на 3 август 2006 година, и на истата присуствувале 26 од 27 членови на Советот. Прва точка од дневниот ред бил Предлог-Статутот на општината. По дискусиите по оваа точка и по заклучување на претресот по расправата, Статутот бил донесен со 17 гласови „за", „воздржан" 1, против нема. Истовремено била донесена и Одлуката за донесување на Статутот на општина Струга.

Градоначалникот на општина Струга со Заклучок за објавување на Статутот на општина Струга бр.08-4422/1 од 4 август 2006 година, го објавил Статутот на општината и истиот е објавен во „Службен гласник на општина Струга" бр.8/2006.

6. Согласно Амандманот XVI точка 1 од Уставот на Република Македонија локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Законите за локално финансирање, локални избори, општинските граници и за градот Скопје, се донесуваат со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Согласно став 1 на член 7 од Законот за локалната самоуправа општината го уредува вршењето на своите надлежности со статутот и другите прописи.

Согласно член 31 од Законот за локалната самоуправа, органи на општината се: советот и градоначалникот.

Согласно член 32 став 1 од истиот закон, советот е претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на општината.

Согласно член 36 став 1 точка 1 од Законот, советот го донесува статутот на општината и другите прописи.

Согласно член 39 став 1 од истиот закон, седниците на советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на три месеци. Во ставот 4 на членот 39, пак, се наведува дека денот, часот и местото на одржувањето на седниците на советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи задолжително се објавуваат најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата, на начин утврден со статутот.

Од наведените законски одредби јасно произлегува дека Законот за локалната самоуправа упатува со статутот на општината да се утврдат нејзините надлежности, потоа се утврдуваат органите на општината, начинот на работата на советот на општината, како и неговата надлежност и начинот на свикување седници на советот.

Имајќи го предвид изнесеното, а во корелација со приложената писмена документација, Судот оцени дека основано во иницијативата се укажува дека оспорениот Статут на општина Струга е донесен во постапка која не е во согласност со одредбите од Законот за локалната самоуправа. Имено, видно од Решението за свикување на 14-тата седница на Советот на општина Струга бр.07-4230/1, со кое претседателот на Советот на општина Струга го објавил одржувањето на седницата, денот, часот, местото на одржувањето (3 август 2006 година во 11.00 часот), како и предлогот на дневниот ред објавен на 28 јули 2006 година, произлегува дека не е постапено согласно член 39 став 4 од Законот за локалната самоуправа и објавувањето на одржувањето на седницата како и дневниот ред не е сторено најдоцна седум дена пред денот на одржувањето, како бара законската норма, која има императивен карактер, туку пред истекот на предвидените седум дена. Оттука основано се укажува во иницијативата дека со Одлуката за донесување на Статутот на општина Струга, како и со Статутот на општина Струга, се доведува под сомнение законитоста на овие акти, односно согласноста со одредбите од Законот за локалната самоуправа.

Што се однесува до наводот во иницијативата дека Статутот на општината е донесен, исто така, во постапка која е спротивна на одредбата од член 41 став 3 од Законот за локалната самоуправа, без мнозинство од советниците кои се претставници на заедниците кои не се мнозинско население во општината, според Судот е основан.

Имено, согласно член 41 од Законот за локалната самоуправа советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот (став 1). Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и со статутот поинаку не е определено (став 2). Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината (став 3).

Видно од Записникот од 14-тата седница на Советот на општина Струга на која како прва точка од дневниот ред бил разгледуван и по кој било расправано бил Предлог-Статутот на општина Струга. На почетокот на одржување на седницата (како што е констатирано во Записникот) присуствувале 26 членови на Советот (од вкупно 27 членови на Советот), а отсутен бил само членот на Советот Танас Трајкоски. Но, во фаза на гласање за донесување на Статутот и Одлуката за донесување на Статутот, биле отсутни членовите на Советот на ВМРО-ДПМНЕ, ВМРО-НП, СДСМ и ЛДП, бидејќи во меѓувреме ја напуштиле седницата и Статутот бил донесен со 17 гласови „за", „воздржан" 1, „против" нема, а Одлуката за донесување била донесена со 17 гласови „за", „воздржан" 2. Од увидот во листата (списокот) на советници се констатира дека вкупниот број на советници, односно членови на Советот е 27, од кои 7 се Македонци по националност и припадници на политичките партии од ВМРО-ДПМНЕ (3), три (3) од СДСМ, ВМРО-НП еден (1), 18 Албанци и 2 Турци.

Според Судот, Статутот донесен на 14-тата седница на Советот на општина Струга, е пропис кој, го регулира прашањето за утврдување и употреба на грбот и знамето на општината, а може да го регулира и прашањето за употребата на јазиците и писмата во работата на Советот на општината на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината. Ова упатува на констатација, а согласно член 7 став 2 и член 41 став 3 од Законот за локалната самоуправа, дека Статутот, како акт на општината треба да се донесе во постапка каде треба да е запазено правилото за присуство и мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината.

Меѓутоа, видно од Записникот од 14-тата седница на Советот на општина Струга, јасно е дека на седницата гласале 18 советници, и тоа 17 „за", „воздржан" 1, „против" нема, при што не било обезбедено присуство на советници, односно членови на советот кои припаѓале на заедниците кои не се мнозинско население во општината, кое не е во согласност со членот 41 став 3 од Законот за локалната самоуправа, на што основано се укажува во иницијативата.

Оттука, Судот оцени дека во конкретниов случај оспорените акти - Статутот на општината Струга и Одлуката за донесување на Статутот на општина Струга не се во согласност со Амандманот XVI од Уставот на Република Македонија и со членовите 39 став 4 и 41 став 3 од Законот за локалната самоуправа.

7. Врз основа на наведеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Махмут Јусуфи и судиите д-р Трендафил Ивановски, Лилјана Ингилизова-Ристова, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски и д-р Бајрам Положани.

| | |
|---|---|
| У. бр. 179/2006 | Претседател |
| 4 април 2007 година | на Уставниот суд на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Махмут Јусуфи,** с.р. |

---

**675.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 4 април 2007 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за потврдување на Одлуката за утврдување на надоместоци на членовите на Советот на општина Аеродром за седници на работните тела и на координатори на советнички групи бр.07-6958/4 донесена од Советот на општината на 20 декември 2006 година и објавена во Службениот гласник на општината бр.17/2006.

2. СЕ СТАВА НАДВОР ОД СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се донесени, односно преземени врз основа на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Кирил Тодоровски, градоначалник на општина Аеродром со Решение У.бр.240/2006 од 24 јануари 2007 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука. Постапката беше поведена затоа што пред Судот основано се постави прашањето за согласноста на оспорената Одлука со Уставот и Законот за локалната самоуправа.

5. Судот на седницата утврди дека Советот на општина Аеродром на седницата одржана на 20 декември 2006 година донел: Одлука за потврдување на Одлуката за утврдување на надоместоци на членовите на Советот на општина Аеродром за седници на работните тела и на координатори на советнички групи.

Според член 1 од оваа одлука, на членовите на Советот на општина Аеродром им се утврдува надоместок за работа на седница на работните тела во износ од 25% од просечна месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, без оглед на бројот на одржани седници за секоја седница поодделно.

Според член 2 од Одлуката, на членовите на Советот им се утврдува надоместок за дневни трошоци во износ од 750 денари без оглед на бројот на одржани седници, за секоја комисија поодделно, а според членот 3, на координаторите на советнички групи за учество, организирање и работа на седници на работните тела на Советот, им се утврдува месечен надоместок во износ од 1.600 денари.

Со член 4 од Одлуката се утврдува дека оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1.11.2006 година и ќе се објави во „Службен гласник на општина Аеродром".

6. Согласно член 8 став 1 алинеја 3 и 9 од Уставот, владеењето на правото и локалната самоуправа се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со законите.

Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според Амандманот XVII точка 1 од Уставот со кој се заменува ставот 1 на членот 115 од Уставот на Република Македонија, во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

Согласно член 31 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), органи на општината се советот и градоначалникот.

Според член 32 од Законот, советот е претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на општината.

Во членот 45 од Законот е утврдено дека членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци, во рамките утврдени со закон.

Во членот 50 од Законот, се утврдени надлежностите на градоначалникот меѓу кои градоначалникот ја контролира законитоста на прописите на советот.

Согласно членот 51 став 1 од Законот, ако градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.

Според ставот 2 од овој член, советот е должен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението од ставот 1 на овој член, да го разгледа решението и да одлучи по него. Во ставот 3, пак, од овој член, се предвидува дека ако советот го потврди прописот, градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија. Во ставот 4 од овој член од Законот е утврдено дека за иницијативата од ставот 3 на овој член градоначалникот е должен да го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

Градоначалникот на општината со поднесувањето на иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одлука и објавувањето на истата во службено гласило, всушност постапил согласно неговите овластувања утврдени во членовите 50 и 51 од Законот за локалната самоуправа.

Согласно членот 100 од овој закон, до донесувањето на законот од членот 45 на овој закон, членовите на советот ќе примаат надоместок за присуство на седница на советот без оглед на нејзиното времетраење, најмногу до 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, а надоместоците за патните и дневните трошоци ќе им се исплатуваат според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

Имајќи ја предвид содржината на цитираните законски одредби произлегува дека законодавецот определил право на членовите на советот да примаат надоместок за присуство на седница и овој надоместок го ограничува со горен лимит најмногу до 30% од просечната нето месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци и го задржува правото на советниците на надомест на патни и дневни трошоци кои, до донесување на посебниот закон да им се исплатуваат според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

Оттука, имајќи ја предвид содржината на оспорената Одлука, Судот оцени дека таа не е во согласност со наведените одредби од Законот за локалната самоуправа. Ова од причина што во цитираните законски одредби се предвидува надоместок за присуство на седница на советот без оглед на нејзиното времетраење, како и надоместок за дневни трошоци врз основа на прописите кои се однесуваат на државните службеници, но не се предвидува надоместок за работа на седница на работни тела без оглед на одржана седница за секоја седница одделно, односно не се предвидува фиксен износ на надоместокот за дневни трошоци без оглед на одржана седница за секоја комисија одделно, како и месечниот надоместок во фиксен износ на координаторите на советничките групи како што предвидуваат членовите 1, 2 и 3 од оспорената одлука.

Понатаму, пак, во членот 4 од оспорената одлука е предвидено дека таа влегува во сила со денот на донесувањето (20 декември 2006 година), а ќе се применува од 1 ноември 2006 година, што значи дека оспорената одлука има повратно дејство во нејзината примена, поради што Судот утврди дека таа не е во согласност со членот 52 став 1 и 4 од Уставот.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Махмут Јусуфи и судиите д-р Трендафил Ивановски, Лилјана Ингилизова-Ристова, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски и д-р Бајрам Положани.

У. бр. 240/2006
4 април 2007 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
**Махмут Јусуфи,** с.р.

---

## УПРАВА ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ

**676.**

Врз основа на член 52 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (“Службен весник на РМ” бр. 39/2006), Управата за семе и саден материјал во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го објавува запишувањето на сорти на земјоделски растенија во

## НАЦИОНАЛНА СОРТНА ЛИСТА

Во Национална сортна листа се запишуваат следните сорти:

| Вид на растение | Ознака на сортата | Година на воведување на сортата | Фирма односно име и адреса на одржувачот на сортата, односно застапникот |
|---|---|---|---|
| А. ЖИТНИ РАСТЕНИЈА | | | |
| А.6 Zea mays L – пченка FAO 400 | Рада | 2007 | Нова Генетика Плус-Београд, Србија "Агросеме" ДООЕЛ ул: "Александар Турунџиев" бр.22-Битола |

| | | | |
|---|---|---|---|
| А.6 Zea mays L – пченка FAO 600 | НС 6010 | 2007 | Научни институт за ратарство и повртарство - Нови Сад, Србија "Агросеме" ДООЕЛ ул: "Александар Турунџиев" бр.22- Битола |
| | Кнежа 683 А | 2007 | Институт за пченка , Кнежа, Бугарија ЈНУ" Институт за јужни земјоделски култури" ул "Гоце Делчев" б.б.- Струмица |
| | Кнежа 621 | 2007 | Институт за пченка , Кнежа, Бугарија ЈНУ" Институт за јужни земјоделски култури" ул "Гоце Делчев" б.б.- Струмица |
| А.6 Zea mays L – пченка FAO 700 | Тиса | 2007 | Научни институт за ратарство и повртарство - Нови Сад, Србија "Агросеме" ДООЕЛ |
| | | | ул: "Александар Турунџиев" бр.22- Битола |
| Б.ИНДУСТРИСКИ РАСТЕНИЈА | | | |
| В.9. Helianthus annuus L.- сончоглед | Пелагонија | 2007 | Научни институт за ратарство и повртарство - Нови Сад, Србија "Агросеме" ДООЕЛ ул: "Александар Турунџиев" бр.22- Битола |
| | NS-X-112-P | 2007 | Научни институт за ратарство и повртарство - Нови Сад, Србија "Агросеме" ДООЕЛ ул: "Александар Турунџиев" бр.22- Битола |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Altesse RM | 2007 | Euralis semences Pau-France<br>ЈНУ" Институт за јужни земјоделски култури"<br>ул "Гоце Делчев" б.б.- Струмица |
| Г.ГРАДИНАРСКИ РАСТЕНИЈА | | | |
| Г 4.28 Raphanus sativus L var.radicula - ротквица | Masterred F1 | 2007 | Seminis vegetable seeds-Holland<br>Агрохемија ул:"Франклин Рузвелт" бр.22, Скопје |
| Г 4.27 Pisum sativum L–грашок | Тамиш | 2007 | Научни институт за ратарство и повртарство - Нови Сад, Србија<br>"Агросеме" ДООЕЛ ул: "Александар Турунџиев" бр.22- Битола |
| Г 4.21 Daucus carota L.-морков | Sirius F1 | 2007 | Seminis vegetable seeds-Holland<br>Агрохемија ул:"Франклин Рузвелт" бр.22, Скопје |
| Г 4.46 Petroselinum crispum - магдонос коренест- | НС Молски | 2007 | Научни институт за ратарство и повртарство - Нови Сад, Србија<br>"Агросеме" ДООЕЛ ул: "Александар Турунџиев" бр.22- Битола |
| Г 4.14 Capsicum annum L -пиперка | CLX P 1407 F1 | 2007 | Clause Terzier-France,<br>" Евгени"ДООЕЛ нас.Маџари бб-пазарче Сингелиќ, лок 242, Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Новосадска | 2007 | Научни институт за ратарство и повртарство - Нови Сад, Србија "Агросеме" ДООЕЛ ул: "Александар Турунџиев" бр.22- Битола |
| | Sweet banan | 2007 | Seminis vegetable seeds-Holland Агрохемија ул:"Франклин Рузвелт" бр.22, Скопје |
| | Пиран | 2007 | ЈНУ" Институт за јужни земјоделски култури" ул "Гоце Делчев" б.б.- Струмица |
| Г 4.29 Solanum tuberosum L- компир | Voyager | 2007 | HZPC-Holland ЕвроМакедонски сервиси, Драчево- Скопје |

Бр. 08-586/2
13 април 2007 година
Скопје

Директор,
**Хаќиф Селмани,** с.р.

## ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**70.**

Врз основа на член 163, а во врска со член 125 и член 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 5/2001, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005 и 70/2006) и член 40 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/94, 34/95, 53/97, 10/02, 5/04, 23/04, 88/05 и 101/05), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 13.04.2007 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МЗТ „ХЕПОС“ АД - СКОПЈЕ, НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, ВО ПОСТАПКА НА РЕВИЗИЈА

Член 1

Во МЗТ „ХЕПОС“ АД - Скопје, во постапка на ревизија како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, се утврдуваат следните:

| Ред. број | Работно место | Степен на зголемување |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на ковачко одделение | 12/13 |
| 2. | Ковач | 12/15 |
| 3. | Општ работник во ковачко одделение | 12/14 |
| 4. | Галванизер | 12/14 |
| 5. | Бојадисувач - фарбара | 12/14 |

Член 2

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука, се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, а најрано од денот од кога се распоредени на тие работни места, под услов за тој период да е платен додатниот придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење.

Член 3

Врз основа на документацијата со која располага работодавецот, ќе се утврди дека осигуреникот врши работи и задачи од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Фактичката состојба за работниците што се распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука ја утврдува Комисијата, составена од по еден претставник од подрачната единица на Стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, работодавецот и на органот на управата надлежен за работите на инспекцијата на трудот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-2398/1
13 април 2007 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ангел Максимов,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02 и 37/05), Министерството за труд и социјална политика

### О Б Ј А В У В А

1. Стапката на трошоците на живот за месец март 2007 година, во однос на месец февруари 2007 година, е повисока за 0,3%.

2. Правото на пораст на платите за месец март 2007 година, во однос на месец февруари 2007 година, за работодавачите од членот 3 став 1 изнесува 0,15%.

Министер,
**Љупчо Мешков,** с.р.

# НОВО, НОВО, НОВО !!!

**Во издание на ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ**

**излезе од печат изданието**

# З А К О Н

# ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

**- СО КОМЕНТАР И ПРИЛОЗИ -**

**од Станка Трајкова и Олгица Костова**

**(302 страници - брош подврска)**

**Цена - 700,00 денари**

## П О Р А Ч К А

Со ова неотповикливо го порачувам изданието Закон за пензиското и инвалидското осигурување во ___________ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди“ бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

Порачател: _______________________________. Место: ________________

ул. ________________________ бр. ______, тел./факс ____________________

Потпис на порачателот

Во _________, _______200__ година. (М.П.) ____________________


www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2007 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.

ISSN 0354-1622

2007050